03-1039/2019

УП1.бр.25-430/19

Министерство за финансии, Управа за имотно-правни работи, Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Куманово, постапувајќи по Предлогот за трајна експропријација бр.03-1039/1 од 22.10.2019 година (наш Уп1.бр.25-430/1 од 25.10.2019 година), а врз основа на член 31 од Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 178/16), на ден 24.01.2020 година го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Општина Липково - Komuna e Likovës
ЛИПКОВО - LIKOVË

Примено E pranuar		04. 02. 2020	
Орг. един. Njësia org.	Број Numri	Прилог Bashkangjitur	Вредност Vlera
03	137/1		

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ЕКСПРОПРИРА ТРАЈНО СО НАДОМЕСТ ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ на недвижност која преставува

- КП бр. 2544 м.в. Бучук култура нива класа 7 со вкупна површина од 4543 м2, **од кое се одзема површина од 4543 м2**,

-КП бр. 2548 м.в. Бучук култура пасиште класа 4 со вкупна површина од 2103 м2, **од кое се одзема површина од 2103 м2** и

-КП бр. 2551 м.в. Бучук култура пасиште класа 4 со вкупна површина од 1671 м2, **од кое се одзема површина од 1671** м2, заведени во **Имотен лист бр. 146 за КО Никуштак-вонград**, сопственост на Адеми Адема Зендел од с. Никуштак со право на недвижност 1/1, во корист на Република Северна Македонија, за потребите на Општина Липково по предлог бр.03-1039/1 од 22.10.2019 година, заради изградба на депонија во Општина Липково, согласно Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за експропријација за КО Никуштак-вонград бр.08-119/4-18 од 04.07.2019 година изработен од Друштво за геодетски работи ГЕО АМЈ ДООЕЛ Куманово.

2.Предлагачот на експропријацијата и сопственикот на недвижноста што се експроприра можат да постигнат спогодба за надоместок до правосилноста на решението за експропријација.

3.Запишувањето на правото на сопственост во катастарот на недвижности на РСМ на експропријараната недвижност се врши врз основа на правосилно решение за експропријација.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Липково до овој орган поднесе Предлог за трајна експропријација бр.03-1039/1 од 22.10.2019 година (наш Уп1.бр.25-430/1 од 25.10.2019 година), на недвижност која преставува дел од КП бр. **КП бр. 2544** стара состојба, м.в. Бучук култура нива класа 7 со вкупна површина од 4543 м2, од кое се одзема површина од **4543 м2**, **КП бр. 2548** стара состојба, м.в. Бучук култура пасиште класа 4 со вкупна површина од 2103 м2, од кое се одзема

површина од **2103 м2** и **КП бр. 2551** стара состојба, м.в. Бучук култура пасиште класа 4 со вкупна површина од 1671 м2, од кое се одзема површина од **1671** м2, заведени во **Имотен лист бр. 146 за КО Никуштак-вонград**, сопственост на Адеми Адема Зендел од с. Никуштак со право на недвижност 1/1, во корист на Република Северна Македонија, за потребите на Општина Липково по предлог бр.03-1039/1 од 22.10.2019 година, заради изградба на депонија во Општина Липково, согласно Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за експропријација за КО Никуштак-Вонград бр.08-119/4-18 од 04.07.2019 година изработен од Друштво за геодетски работи ГЕО АМЈ ДООЕЛ Куманово.

За КП 2544 извршена е проценка на земјиште по 51,00 денар за 1 м2, и утврден е надомест во висина од 231.693,00 денари.

За КП 2548 извршена е проценка на земјиште по 41,00 денар за 1 м2, и утврден е надомест во висина од 86.223,00 денари.

За КП 2551 извршена е проценка на земјиште по 41,00 денар за 1 м2, и утврден е надомест во висина од 68.511,00 денари.

Предлагачот согласно член 25 и член 26 од Законот за експропријација ги достави следните писмени докази:

-Предлог за трајна експропријација бр.03-1039/1 од 22.10.2019 година

-Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за експропријација за КО Никуштак-Вонград бр.08-119/4-18 од 04.07.2019 година изработен од Друштво за геодетски работи ГЕО АМЈ ДООЕЛ Куманово

-Имотен лист бр. 146 КО Никуштак-Вонград

-Извештај за проценка изготвена од ДТУ ФЛОКС-КМ ДООЕЛ Скопје бр. 2-79/19 од 26.07.2019 година и

-Извадок од Буџетот на Општина Липково за 2019 година со предвидени финансиски средства со намена за експропријација.

Органот постапувајќи по предлогот, а согласно член 29 од од Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/12... 178/16), закажа усна расправа за спогодување за видот и висината надоместокот со покана УП.бр.25-430/1 од 13.01.2020 година, со која уредно ги повика предлагачот на трајна експропријација Општина Липково и сопственикот на недвижноста Адеми Зендел.

Бидејќи сопственикот не се одзва на уредно доставена покана, односно не дојде на закажаната расправа на ден 22.01.2019 година, ниту го оправда недоаѓањето, ниту пак испрати свој полномошник, кое однесување упатува на фактот дека кај сопственикот не постои волја за склучување на спогодба во управната постапка, Управата за имотно-правни работи, Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Куманово, ја продолжи постапката по предлогот за трајна експропријација на Општина Липково и утврди дека предлагачот ги има поднесено сите потребни писмени докази согласно член 26 од Законот за експропријација.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 31 од Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/12... 178/16), Органот утврди дека има услови за донесување решение за експропријација на предметната недвижност во корист на Општина Липково.